**20201782263**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 и член 71 став 2 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЕДИНСТВЕНАТА ТАРИФА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 218/16, 58/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 69/20 и 116/20), во точка 2 во тарифниот број 19.1 зборовите „Без надоместок“, се заменуваат со зборовите „0,3% од номиналната вредност на издадената готовина“.

Во тарифниот број 19.1а зборовите „Без надоместок“, се заменуваат со зборовите „0,1% од номиналната вредност на вратената готовина“,

Во тарифниот број 19.2 зборовите „Без надоместок“, се заменуваат со зборовите „0,9% од номиналната вредност на издадената готовина“,

2. Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О. бр. 02-15/X-2/2020
2 јули 2020 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.